# FOREVER

MACEDONIA

Март 2019 | Број 209
















# Носете го својот орел гордо



**Често нè прашуваат зошто сме го избрале орелот да го претставува Форевер. Со Рекс веруваме дека тој е идеалниот симбол за нашата компанија и сопствениците на бизнис во целиот свет. Орлите се олицетворение на личната слобода, себе-откривањето и нашиот безграничен потенцијал да се издигаме до нови височини.**

Најмоќното сетило на орелот е видот. Освен што видот е остар како брич, видното поле е пошироко. Орелот ја гледа целата слика, додека го фокусира погледот врз непосредната задача. Како сопственици на Форевер бизнис нашиот успех е директно поврзан со напорите што ги правиме секој ден. Но нашата способност да не испуштаме од поглед и целосната слика е она што нè мотивира да се квалификуваме за програмите за стимулирање, да се издигнуваме до нови нивоа и да ги исполнуваме своите цели.

Храброста е друга заедничка особина помеѓу сопствениците на Форевер бизнис и орлите. Величествените птици не само што летаат повисоко од останатите, туку и достигнуваат брзини до 240 километри на час, кога се спуштаат кон пленот. Само размислете што може да постигнете ако ги следите вашите цели со истата храброст.

Орлите исто така не се откажуваат. Знаете ли дека кога ќе уловат риба која е многу тешка за да одлетаат со неа, тие пливаат до брегот со рибата во своите канџи? Издржливоста е важна особина која и вие треба да ја вклучите во вашиот бизнис. Тргнати сте на долго патување и не треба да се откажувате пред да стигнете до најдобриот дел.

Орлите не се само жестоки, фокусирани и посветени, туку се и едни од најгрижливите птици. Со својот речиси два и пол метра распон на крилја, тие можат да ги заштитат своите малечки од надворешни закани. Размислете колку многу луѓе можете да земете и вие под своето крило. Помагајте им на новите соработници да се грижат за својот бизнис и заедно ќе полетате кон нови височини.

Со малку труд вие исто можете да ги прифатите особините на орелот и да ги примените во вашата работа. Секогаш гледајте ја големата слика и проучувајте го хоризонтот за нови можности. Во исто време одржувајте јасен и концентриран фокус на вашите дневни, неделни и месечни цели. Стремете се кон секоја програма за стимулирање без страв. И најважното – грижете се за клиентите и вашата мрежа.

Во Форевер сме неверојатно горди што орелот е наш симбол. Всушност сигурно сте ги забележале значките кои ги носат нашите сопственици на бизнис и раководниот персонал на компанијата. Да заслужиш значка со орел е еден од многуте начини преку кои Форевер ги признава постигнувањата на сите кои имаат визија, фокус и желба да ги постигнат своите цели.

Затоа има различна значка за секое ниво во маркетинг планот – од Асистент Супервизор до „Дијамант-Центурион“. Секоја нова значка симболизира точка на промена во вашето патешествие и заслужено ве наградува за постигнатото.

Се надевам дека додека одите по вашиот пат со Форевер, орелот на вашата значка постојано ќе ве потсетува какви атрибути сте прифатиле за да стигнете до денешната позиција, и ќе ве мотивира да постигнувате уште повеќе.

Бидете инспирирани од орелот и запомнете дека колку пошироко ќе ги раширите крилјата за да им помагате на другите, толку поголеми успеси ќе постигнувате.

**Продолжувајте да се насмевнувате,**



**Gregg Maughan**




# Моќта на човечкиот допир



**Кога родител за прв пат ќе го прегрне своето дете, се јавува искра која засекогаш создава врска помеѓу нив. Во целиот живот допирот е дел од миговите кои најмногу нè формираат како личности. Утешителна прегратка, охрабрувачко тапкање по рамото или гостопримливо ракување – сето ова има моќ да гради доверба, да инспирира доверба и да создаде подлабока врска со луѓето околу нас. Допирањето е составен дел од човечкото постоење.**

Кога ја создадов Форевер пред толку години, знаев дека човечкиот допир ќе биде витален аспект на целиот наш бизнис. Нашите раце се поврзани не само со земјата, туку и една со друга по целиот свет.

Горд сум што по сите изминати децении ова останува неразделен дел од сè што правиме. Работниците на нашите плантажи сè уште се грижат со љубов за секое растение и рачно го берат секој лист. Кај секој лист рачно се отстранува кората, за да гарантираме дека го користиме само најквалитетниот гел од алое вера.

**СО КОЛКУ ПОВЕЌЕ ВНИМАНИЕ И ЛИЧЕН ОДНОС ГО ДАРУВАМЕ НАШЕТО АЛОЕ, ТОЛКУ ПОБЛИЗУ ДО СОВРШЕНСТВО СЕ НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ, КОГА СТИГНУВААТ ДО ВАС.**

Искрено верувам дека личниот однос кој го вложуваме во одгледувањето и бербата на нашето алое, има голема улога за тоа толку многу луѓе во целиот свет се чувствуваат така поврзани со производите.

Со колку повеќе нега и лично внимание го даруваме нашето алое, толку поблизу до совршенство се нашите производи кога стигнуваат до вас.

Се надевам дека и вие ќе се замислите какво е значењето на личниот однос. Во својот Форевер бизнис може и да не ја копате земјата, ниту да ги берете листовите, но имате уникатна можност да посеете друг вид семе. Тоа е семето кое никнува во нечие срце и израстува во надеж, мечти и слобода.

Денес луѓето копнеат за личен контакт повеќе од секогаш. Ако размислите колку време поминуваме во комуникација преку компјутери и смартфони, не е тешко да осознаеме што навистина ни недостасува. Едно-единствено телефонско јавување или едно ракување може комплетно да го промени начинот на кој работите.

Тоа е и една од работите што го прават Форевер толку различен. Го градите својот бизнис човек по човек, преку личен контакт. Според мене ќе откриете дека кога вложувате напор да комуницирате лично со луѓето, создавате посилна врска помеѓу себе. Градите доверба и им покажувате дека заслужиле да им одделите од вашето време. Го поканувам секој од вас да им покажете на вашите клиенти и вашиот тим колку многу ги цените, така што ќе посветите време за личен контакт со нив. Градете односи кои одат подалеку од вообичаена зделка или комуникација со посредство на технологиите.

А што се однесува до производството на најдобрите производи од алое на пазарот, ние веруваме дека грижата и вниманието раѓаат квалитет. Истиот концепт важи и во вашиот бизнис. Тој го прави нашето Форевер семејство нешто навистина посебно.

**Засекогаш Ваш,**



**Rex Maughan**

# ЕТЕРИЧНИ МАСЛА




Етеричните масла имаат посебен статус меѓу билните екстракти, најверојатно заради своите мирисни особини, цената и фактот дека отсекогаш биле "кралски" билни екстракти – од големи количини растителен материјал се добива мала количина етерично масло. Етеричните масла имаат висока способност на продирање низ површинскиот слој на кожата, поради липофиличноста на молекулите и малата молекуларна тежина.

## Како се користат етеричните масла?

Покрај убавиот мирис, на етеричните масла им се препишуваат голем број здравствени придобивки. Ароматерапијата со овие масла е корисна при несоница, подобрување на расположението и когнитивните способности, проблеми со варењето на храната, ублажување на симптоми при инфекција и др. Маслата помешани со базно масло можете да ги втриете во кожата и правите благи масажи, можете да ставите неколку капки од маслата во дифузер или пак во тенџере со вода, ставете го лицето над него, затворете ги очите и покријте ја главата со крпа и вдишете ја пареата.

## Forever™ Essential Oils Lavender

Етеричното масло од лаванда е необично средство за борба со стресот. Научниците откриле дека вдишувањето на нејзиниот мирис ги балансира нивоата на кортизолот во организмот и така го распрскува чувството на немир, негативните емоции и ја подобрува општата психичка состојба.

Друга примена на маслото од лаванда е за опуштање на болни мускули како на физичко, така и на психичко ниво. Растворено во базно масло и нанесено со масажа на оптеретени и чувствителни мускули, може да донесе долготрајно олеснување.

Лавандата ја храни и кожата и има својство да го поддржи нормалното закрепнување на ткивата после сончеви или други изгореници. Многумина споделуваат дека капка-две, растворени во базно масло и нанесени во близина до засегнатите делови, го ублажуваат непријатното чувство. Додадете капка-две во шампонот, за да ја потхраните кожата на главата и косата, да го поддржите нејзиниот нормален раст и да ѝ дадете дополнителен сјај.

Познато е дека лавандата ја поддржува и дигестијата. Помага за производството на стомачни и жолчни сокови, неопходни за разградување на консумираното. Ѝ помага и на храната да се придвижува нормално низ дигестивниот систем, за да се апсорбираат корисните нутриенти. Масирајте една-две капки масло од лаванда, разредени во базно масло, во стомачната област со кружни движења во насока на стрелките на часовникот.

## Forever™ Essential Oils Lemon

Лимонот е меѓу најпопуларните и сакани мириси. Со векови се користи во цел свет за заштита од инсекти, дезинфекција, чистење и ароматизирање на облека, како и за освежување. Етеричното масло од лимон го олеснува процесот на дишење, ги одзатнува дишните патишта, ги намалува тегобите при астма и придонесува за подобрување на имунитетот. Тоа има силни антибактериски и антисептички својства кои помагаат во борбата со сезонските настинки, а стимулацијата на крвните клетки помага за подобрување на имунитетот.

## Forever™ Essential Oils Peppermint

Употребата на ментата датира уште од древните култури на Рим и Грција, кои ја користеле за декорација, ароматизирање и како популарен зачин за сосови и јадења. Етеричното масло од мента е одлично во борбата против алергиите на сув воздух и прашина, но и како силно средство кое повторно ќе го направи прооден нашиот нос по настинка или грип. Освен тоа, многу помага против главоболка, а придонесува и за зголемување на нивото на енергија.

# Храброст за промена 2



**„Светот околу нас се менува постојано и многу брзо, сами избираме дали да останеме какви што сме биле во минатото, или да се промениме и да продолжиме напред во иднината.“**

***Rex Maughan***



***СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ***

Драги пријатели, сопственици на Форевер бизнис,

Во февруари го споделивме со вас нашиот огромен респект за вашата смелост да бидете поразлични. Градењето на бизнис со маркетинг планот на Форевер бара навистина голема решителност, издржливост и промена на долгогодишни навики. За тоа ја имате нашата почит и непоколеблива поддршка. Сигурни сме дека не ве разбираат сите околу вас и вие во секој момент имате потреба да сте дел од семејство од истомисленици, какви што сме сите во Форевер.
Но овој месец нема да зборуваме за нас или за вас, туку за компанијата која нѝ ја дава прекрасната можност да си го промениме животот. За храброста и одлучноста на нејзиниот сопственик и луѓето со кои заедно ја управува. Бидејќи тие заслужуваат не помал респект и почит за храброста да преземат нови чекори и промени, за да биде вашиот бизнис секогаш во чекор со брзото секојдневие и да ви обезбеди производи и можности, кои со гордост можеме да ги наречеме уникатни, бидејќи се предлагаат единствено од Форевер. Пред неколку месеци во Бугарија, а наскоро и во Македонија, ви ги претставивме комплетно осовремените пијалаци од алое вера во сосема нови пакувања. Првичната реакција на многумина не нѐ изненади. По 40 години со симболичната жолта тубичка, патентираниот процес на стабилизација и вкусот со кој сите бевме свикнати, не беа малку коментарите дека со таа легенда сигурно ќе си замине и Форевер. На почетокот малкумина сфатија каква храброст треба за таа промена. Промена која нѝ донесе нешто ново и различно.
Рекс отсекогаш кажувал: „Светот околу нас се менува постојано и многу брзо, сами избираме дали да останеме какви што сме биле в минатото, или да се промениме и да продолжиме напред во иднината.“

Форевер ја избра промената, нѝ предложи пијалаци произведени по нова технологија, благодарение на која се многу по-природни, со поразличен и посвеж вкус. Технологијата задржува значително повеќе витамини во нив и најважното – на сите нѝ дава можност ЕДИНСТВЕНИ ВО СВЕТОТ да може да уживаме во алое пијалаци без никакви конзерванси и ЕДИНСТВЕНИ да можеме да им ги предлагаме и на луѓето околу себе. Храброста за таа промена заслужува навистина огромен респект. Бидејќи во Форевер се сметаме за специјалисти за алое вера. Ние сме најголемиот светски производител и преработувач на алое и производи од него. Треба да бидеме уникатни, бидејќи сме **The Aloe Vera Company** (Компанијата за алое вера), а вие можете да имате целосна доверба во заедничката иднина!

**Засекогаш со Вас,**
Тања и Стефан Стаеви

The Aloe Vera Company

# SUCCESS DAY

## 03.02.2019












































# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2019 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР




Ибиши Сухеда
Сулејмани Фердезе

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Алили Ахмеди Узлифет
Амити Линдита
Сулејмани Бејтуле

## СУПЕРВИЗОРИ



Лимани Алији Лазиме
Марковски Роберт
Реџепи Фатмире
Селими Феџрије
Станојковски Далиборка

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Абдии Елида
2. Абдиу Изаири Флора
3. Авдиу Ваџије
4. Ајети Хамдије
5. Алексовска Марија
6. Ангеловски Тони
7. Аќифи Есра
8. Арсовска Цветковска Сузана
9. Атанасов Горанчо
10. Аземи Рухиде
11. Бајрами Бајрам
12. Бајрами Арта
13. Бојева Елизабета
14. Василева Донка
15. Велковски Роберт
16. Георгиевска Спасевски Кристина
17. Грујевска Лилјана
18. Ѓорѓиев Роберт
19. Демири Шазине
20. Драгановска Билјана
21. Дурмиши Ардита
22. Емини Хадије
23. Зафиров Лазар
24. Здравковска Диана
25. Јанковска Јадранка
26. Јанкуловска Луција
27. Јованова Билјана
28. Јовановски Иван
29. Капсарова Александра
30. Кончалова Даниела
31. Костовска Љубица
32. Крстевска Митевска Анастасија
33. Куцлар Ермира
34. Лазароска Грозда
35. Лопатичка Мирјана
36. Максимоска Марика
37. Мамути Љуљета
38. Манојловска Фросина
39. Манушева Драгица
40. Младеновиќ Данијела
41. Мемети Лирије
42. Михајловска Емилија
43. Миланова Виолета
44. Милошевиќ Васка
45. Мишковска Елена
46. Младеновска Билјана
47. Нацева Ружица
48. Огненовска Кети
49. Огњеновиќ Дејан
50. Пајазити Орхан
51. Петровиќ Сања
52. Пешевска Нада
53. Пешевска Мери
54. Петреска Александра
55. Пипонска Ѓорѓиевска Славица
56. Попова Македонка
57. Радоески Никола
58. Саздовска Спасиќ Ивана
59. Скендеровска Родна
60. Сефери Ајтене
61. Симоновски Владимир
62. Стамчевски Ирена
63. Стефановска Светлана
64. Сулејмани Медина
65. Тосева Ефимија
66. Фетахи Валдете
67. Хазбије Џемаили Муртези
68. Хасани Блерина
69. Цаноски Гафур
70. Цветковиќ Горан
71. Џеладини Лејла
72. Шемова Менча
73. Шопова Радица

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**




Мартина Илијевска
Бојана Цветковска
Марина Стојчева


**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Елена Гелевска |
| 2. Елена Гелевска | 2. Сухеда Ибиши |
| 3. Славица Донакова | 3. Др.Теута Ајети |
| 4. Др.Снежана Контра | 4. Жарко Георгиевски |
| 5. Жарко Георгиевски | 5. Фердезе Сулејмани |
| 6. Др.Теута Ајети | 6. Линдита Амити |
| 7. Сухеда Ибиши | 7. Славица Донакова |
| 8. Фердезе Сулејмани | 8. Узлифет Алили Ахмеди |
| 9. Катерина Трајчевска | 9. Стевица Димовска |
| 10. Вера Златковска | 10. Емине Зеќири |


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.